Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-30/3
09-02-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-639/1 од 21.11.2022 година поднесена од [redacted] од Делчево, против ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево, за извршена дискриминација врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 8.2.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи сторена од страна на ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-639/1 од 2.12.2022 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи, од страна на ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево.

Согласно наводите од претставката, подносителката е вработена во ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево на работно место наставник по англиски јазик. На ден 5.9.2022 година поднела барање до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за оцена на работната способност поради опасност од настапување на инвалидност. Со Наод, оцена и мислење бр. 835 од 19.9.2022 година, Комисијата на работна способност утврдила дека кај [redacted] постои непосредна опасност од настанување на инвалидност. Понатаму Фондот за пензиско и инвалидско осигурување – филијала Делчево, на ден 7.10.2022 година испратил Известување до училиштето во кое наведуваат дека, согласно добиениот Наод, оцена и мислење, потребно е распоредување на [redacted] на друго работно место, соодветно на нејзиното образование и способност, на други работи кои не се поврзани со тежок физички напор, дигање на тешки предмети, долго стоење и патување заради спречување од настанување на инвалидност.

Велејќи дека училиштето не постапило по добиено известување, подносителката самата на ден 14.10.2022 година поднела Барање за постапување по Известувањето од фондот, меѓутоа на барањето не добила никаков одговор. На ден 2.11.2022 година, пак, заради повреда на правата од Законот за работни односи, поднела претставка до Државниот инспекторат за труд. Трудовиот инспектор извршил увид во училиштето на ден 4.11.2022 година и изготвил записник за констатирана состојба по извршен инспекциски надзор, како и Решение за постапување во рок од 15 дена. Училиштето по истекот на тие 15 дена поднело жалба до второстепена комисија за извршениот надзор од трудовиот инспектор. Подносителката истакнува дека за времетраењето на процесот, таа се соочува со нарушено здравје.

На крај, наведува дека во истото училиште постои друга наставничка која исто така има прибавено Наод, оцена и мислење од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а кај која во многу брз

рок е постапено, поради што подносителката во претставката истакнува дека се чувствува дискриминирано.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.12.2022 година испрати Известување бр. 08-639/2 за произнесување по наводите од претставката до ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево.

На ден 30.12.2022 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево како одговор на претставката. Од училиштето најпрво истакнуваат дека го примиле Известувањето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на 28.10.2022 година, додека пак [redacted] поднела Барање за распоредување на 14.10.2022 година. Односно, тврдат дека и покрај тоа што се уште не бил истечен рокот за постапување на училиштето согласно Законот за општа управна постапка, [redacted] се обратила до Државниот инспекторат за труд и трудовата инспекторка извршила увид на 4.11.2022 година. Понатаму ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево го обжалува Решението бр. 09-405 од 9.11.2022 година и во тек е постапка на одлучување по жалбата.

Во врска со наводите за постоењето на друга наставничка во истото училиште во истата ситуација, училиштето вели дека ситуацијата не е слична ниту споредлива.

Во прилог на одговорот беше доставена следната документација:

- Известување од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, заведено во училиштето под бр. 03-690/1 на 28.10.2022 година;
- Барање бр. 03-674/1 од 14.10.2022 година од [redacted]
- Решение бр. 09-405 од 9.11.2022 година од Државен инспекторат за труд- подрачје Делчево;
- Жалба бр. 03-751/1 од ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево;
- Лекарско уверение бр. 1329/06 од Македонско лекарско друштво од 29.6.2017 година;
- Извештај за извршен периодичен систематски здравствен преглед од [redacted] бр. 04-750/88 од 20.12.2022 година;
- Наод, оцена и мислење од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување од 21.9.2022 година;

Поради недоволни факти и околности во одговорот од училиштето, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба и мериторно одлучување по предметот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 5.1.2023 година испрати Известување за префрлување на товарот на докажување до ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево. Со известувањето, Комисијата побара од училиштето да истакнат детали кои ги побиваат тврдењата за сторена дискриминација, односно да се произнесат во детали во врска со наведениот споредбен случај на друга наставничка од истото училиште, која исто така имала Наоц, оцена и мислење од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, но каде било постапено на различен начин од нивна страна.

На ден 24.1.2023 година, во просториите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, беше остварена средба со [redacted] на ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево и [redacted], самостоен референт за безбедност и здравје при работа во Општина Делчево.

Разговорот започна со преглед на фактичката состојба, односно на споредливоста на ситуацијата на подносителката на претставката и другата наставничка, наведена како компаратор во претставката – [redacted]. Директорот најпрво смета дека двете наставнички не се

наоѓаат во истата или слична ситуација. Имено, [redacted], поради нејзината намалена работна способност согласно Наод, оцена и мислење бр. 1029 од 24.12.2020 година од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, е вработена на пола работно време, додека пак [redacted] е вработена на полно работно време со полн фонд на наставни часови, односно 21 наставен час.

Моментално, според директорот на училиштето и претставничката од Општина Делчево, сите вработени наставници по англиски јазик во подрачните училишта на ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево, се со полн фонд на часови, па поради тоа не постои потреба од наставник по англиски јазик во некое од училиштата каде [redacted] би требало да биде распоредена. Во овие наставници со полн фонд на часови спаѓа и [redacted] Исто така беше истакнато дека и други наставници по англиски јазик, покрај [redacted], живеат во Делчево и исто како неа патуваат до подрачните училишта, со тоа што се случува и во еден ден да патуваат по неколку пати во различни правци поради дневниот распоред на часови кој опфаќа неколку училишта. Само тројца од наставниците по англиски јазик во Делчево, предаваат во централни училишта без да патуваат до подрачни училишта во околни места, но и тие се со полн фонд на часови.

И покрај ова, директорот истакна дека на [redacted] во октомври 2022 година и било усно понудено да биде преземена од страна на средното училиште во Делчево, кое е централно училиште, и таму да ги извршува своите работни задачи како наставничка по англиски јазик со полн фонд на часови, како и досега. Меѓутоа, директорот вели дека [redacted] во понатамошна комуникација не прифатила да биде преземена во средното училиште, со сомнеж дека ќе ја изгуби работата. Овие наводи останаа непотврдени при изготвувањето на ова мислење.

Во врска со Известувањето бр. 835 од 19.9.2022 година од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, донесено врз основа на Наод, оцена и мислење, со кое се вели дека е потребно распоредување на друго работно место соодветно на образованието и способноста на Валентина Михаиловска, а на работи кои не се поврзани со тежок физички напор, дигање на тешки предмети, долго стоење и патување заради спречување од настанување на инвалидност, директорот истакна неколку работи. Прво, дека [redacted] е наставник по англиски јазик во подрачно училиште во с. Разловци- Делчево, а нејзиното работно место не е поврзано со физички напор и дигање на тешки предмети и дополнително, дека работата како наставник не подразбира долго стоење, туку напротив седење за време на часовите.

За крај, директорот се осврна и на долгото патување од Делчево до с. Разловци кое изнесува 18км, но напомена дека наставниците до работните места во подрачните училишта патуваат со организиран превоз со комбе, за кое времетраење на патувањето од 20 минути тие седат и според него немаат значителен напор. За Решението бр. 09-405 од 9.11.2022 година, донесено од страна на Државниот инспекторат за труд при извршен вонреден инспекциски надзор во училиштето, со кое се наредува на ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево да постапи по Известувањето бр. 835 од 19.9.2022 година од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и да ја распореди [redacted] на друго работно место, од училиштето поднеле Жалба заведена под нивен бр. 03-751/1 на 2.12.2022 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата беше приложена како доказ, а по нејзе се уште не е одлучено.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршена дискриминација од страна на ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево врз [redacted].

Имено, Комисијата утврди дека ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево не ги преземало потребните дејствија кои се во нивна надлежност, со цел соодветно приспособување и прераспределување на подносителката на работно место соодветно на нејзиното образование, стручна подготовка и работна способност, согласно Наодот, проценката и мислењето на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како и Решението од Државниот инспекторат за труд. Иако училиштето се повикува на поднесената жалба по решението и чекањето на исходот од таа постапка, сепак тие биле должни да постапат во рок од 15 дена со оглед на тоа што, видно од самото решение, жалбата изјавена против решението не го одлага неговото извршување.

Во прилог на ова оди фактот што [redacted] добила нееднаков третман во однос на нејзината колешка [redacted], која се наоѓала во сличната ситуација. Имено, во случајот на [redacted], по прибавениот Наод, проценка и мислење, од училиштето ја распределиле вработената на пола работно време, односно го приспособиле работното место на нејзината здравствена состојба. Ова не е случајот со [redacted] каде училиштето одбива да постапи по наодот и решението и да изнајде соодветно решение за нејзино распоредување.

Согласно член 43 став 1 од Законот за вработени во јавниот сектор, вработениот во јавниот сектор, на негово барање или по потреба на институцијата, може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што раководното лице на институцијата носи решение за негово распоредување во институцијата.

Дополнително на ова, член 4 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го дефинира соодветното приспособување како неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможувањето на соодветно приспособување е дискриминација. Следствено, ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево имаат обврска да извршат соодветно приспособување на условите за работа на вработената [redacted] со цел спречување од настанување на инвалидност, како што е наведено во самиот Наод. Пропуштајќи да постапат по гореспоменатиот Наод, оцена и мислење бр. 835 од 19.9.2022 година, како и Решението бр. 09-405 од Трудов инспекторат од 9.11.2022 година, тие сториле директна дискриминација врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дискриминација врз основа на здравствена состојба


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

во областа на работата и работните односи од страна на ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево врз [redacted].

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево да донесе решение за распоредување на [redacted] на друго работно место соодветно на нејзиното образование и способност, кое не е поврзано со тежок физички напор, дигање на тешки предмети, долго стоење и патување, заради спречување од настанување на инвалидност, односно да постапи согласно напатствијата дадени во Наод, оцена и мислење од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување од 21.9.2022 година, **најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата**.

Доколку ООУ „Св. Климент Охридски"- Делчево не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
8.2.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- ООУ „Св. Климент Охридски", ул. Методи Митевски Брицо бб, 2320 Делчево